РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 1015-396/1
10-01-2020 год.
СКОПЈЕ

Друштво за промет, производство и услуги
ХЕМАСТИЛ 2015 ДООЕЛ
Бр. 05-5/20
15-I-2020 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
# ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СРЕДСТВА ЗА ОДРЖУВАЊЕ ХИГИЕНА

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**А. Агенција за катастар на недвижности** ул. „Трифун Хаџи Јанев" бр. 4 Скопје, застапувана од **директор Борис Тунџев**, (во понатамошниот текст „Договорен орган" од една страна),

и

**Б. Друштво за промет, производство и услуги ХЕМАСТИЛ 2015 ДООЕЛ Скопје** бул. „Борис Трајковски", застапувано од **управител/директор Васка Калајџиевска**, со жиро-сметка 210070624190172 депонент на НЛБ Тутунска банка и даночен број 4058015522456 (во понатамошниот текст „Носител на набавката").

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на средства за одржување хигиена согласно со Техничката спецификација бр.1034-334/2 од 28.11.2019 година, постапка за набавка од мала вредност бр. 1034-334/4 од 28.11.2019 година со Оглас број 13499/2019 и Понуда во електронска форма доставена преку ЕСЈН од 05.12.2019 година намалена за процент од 92 % (намалувањето е сразмерно согласно со намалувањето постигнато по спроведена електронска аукција одржана преку ЕСЈН на 19.12.2019 година).

## II. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Договорот и другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот, се на македонски јазик.

Целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на македонски јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вкупната цена на предметот на набавката без ДДВ изнесува **152.250 (сто педесет и две илјади двесте и педесет)** денари.

Вкупниот износ на ДДВ во висина од **18 %** изнесува **27.405 (дваесет и седум илјади четиристотини и пет)** денари.

Вкупната вредност на Договорот со пресметан ДДВ изнесува **179.655 (сто седумдесет и девет илјади шестотини педесет и пет)** денари.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Времетраењето на Договорот е 12 (дванаесет) месеци почнувајќи од денот на склучувањето.

## V. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Во случај на доцнење со извршување на предметот на Договорот од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина од 0,3 % од вредноста на неизвршените испораки за секој ден на задоцнување, но не повеќе од 5 % од вкупната вредност на Договорот определена со член 3 од овој договор.

Доколку Носителот на набавката не ја изврши испораката на стоката, во случај на 2 (две) последователни барања за испорака на стоката, Договорниот орган има право да го раскине Договорот по претходно доставено писмено известување до Носителот на набавката, во дополнително определен рок од 7 (седум) дена.

Во случај на став 3 од овој член, Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на Договорниот орган.

## VI. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 6**

Носителот на набавката е должен да ја изврши испораката на стоката во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето за испорака од страна на Договорниот орган на следната локација:

- Агенција за катастар на недвижности на Република Северна Македонија
  ул. „Трифун Хаџи Јанев“ бр. 4
  1000 Скопје

Носителот на набавката се обврзува дека стоката ќе ја испорача согласно со барањата од Техничката спецификација бр.1034-334/2 од 28.11.2019 година.

Носителот на набавката се обврзува да ги испорача договорените стоки во согласност со одредбите на овој договор во количини, рокови и гаранција содржани во доставената понуда, а цена во износ по ставки содржани во првичната Понуда доставена во електронска форма преку ЕСЈН од 05.12.2019 година, и тоа со вредност на првичната Понуда намалена за 92 % (намалувањето е сразмерно согласно со намалувањето постигнато по спроведената електронска аукција одржана на 19.12.2019 година).

**Член 7**

Носителот на набавката е должен предметот на Договорот да го испорача во магацинот на Агенцијата за катастар на недвижности на ул. „Трифун Хаџи Јанев“ бр. 4 Скопје.

## VII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 8**

Договорниот орган е должен да ја исплати договорената цена на Носителот на набавката, по испораката на стоката, во рок од 60 дена од денот на доставувањето на фактурата од страна на Носителот на набавката, пополнета на начин пропишан со тендерската документација.

## VIII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 9**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор, ќе се применуваат позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.